„Биди дел од заедницата – дебатирај!“

Во текот на месеците јули и август почна да се применува новиот проект на Ромаверзитас со наслов „Биди дел од заедницата – дебатирај“, а е финансиран од страна на Фондација Отворено Општество-Македонија.

- Главна цел на проектот е да се зголеми учеството на студентите Роми во креирањето на политиките поврзани со ромската заедница.
- Дебата - формата на дебатата на студентите ќе им овозможи на организиран начин да си ги искажат своите мислења, аргументи и различностите во пристапите на решавањето на проблемите со кои се соочува ромското население и тие решенија што ќе ги понудат да бидат поддржани од ромските студенти.

Се одржаа три работилници за дебата, на 25 и 26 август и на 13 октомври. Во нив учествуваа вкупно 15 учесници. 15-те дебатери научија на работилниците што е: критичко размислување, побивање и одбивање, да фаќаат забелешки, активно слушање, стратегија за поставување прашања, видови на тези, формати на дебата (Карл Попер, Линколн-Даглас, Британска Парламентарна дебата, Американска Парламентарна дебата, world schools debate, Јавна дебата), аргументирано комуницирање и практична примена на аргументирано комуницирање.
На работилниците покрај теоретскиот дел имаше и симулација на јавна дебата која им послужи на студентите како вежба за сето она што ќе ги очекува во вистинските јавните дебати. На симулациите на студентите им се укажуваше на грешките кои ги правеа како и совети од страна на обучувачот како истите да ги избегнат. Така што студентите преку проектот добиваат извонредни пишани и комуникациски вештини, вештини во истражување, организирање и презентирање на информациите, способности да зборуваат во група и способност да размислуваат и слушаат критички.

По работилниците најпрво дебатерите предложуваа теми на кои можат да говорат, за кои се чувствуваат подготвени да изнајдат аргументи и решенија. Потоа на почетокот од септември имавме транспарентен процес на избирање теми за дебата од страна на студентската ромска заедница. Тоа го направивме прегу facebook групата на Ромаверзитас каде членуваат скоро сите студенти Роми и избираа од предложените теми која да биде за дебатирање според актуелноста и релевантноста за ромското население.

Следствено првата дебата ја имаа на втори октомври 2018 на теза „Малата семејна поддршка на ромските ученици негативно влијае врз успехот во основното образование“. Афирмативниот тим ја бранеше тезата и аргументираше дека одговорноста за неуспехот на учениците во образованието лежи исклучиво во нивните родители. Додека негацискиот тим ја напаѓаше тезата, аргументираше дека одговорноста за неуспехот во образованието не лежи во родителите, напротив примарната одговорност лежи во државата, училиштето и наставниците. На крајот од дебатата, дебатерите и публиката која се состоеше од студенти, претставник од оддел

за образование и претставници на невладини организации ги дадоа следните препораки:

I Препораки за родителите:

-Родителите имаат право да бараат нострификација за сведителствата (според чл. 156 од Законот за основно образование) за нивните деца кои ги стекнале во странство. За нострификација се потребни извод, уверение за државјанство, превод и 2250 ден. трошоци во Министерство за образование за сведителствата. Нострификацијата на документите трае најмалку 60 дена. Така што најдобро е барањето за нострификација да го пуштат најдоцна март во текот на учебната година и условно да побараат да бидат во повисокото одделение во кое треба да бидат за да не ја изгубат и таа година доколку постапката не е завршена до истекот на рокот за упис на учениците (крајот на мај) во училиште.
Во меѓувреме ако семејствата се вратиле најдоцна во март во тековната учебна година пред да почне наставничкиот совет од третото тромесечје имаат право да побараат и одделенски испити за да не пропадне и таа учебна година на децата повратници. Сепак крајната одлука ја имаат наставниците на Наставничкиот совет да одлучат дали отсуството на ученикот било оправдано и може да му се даде право да ги полага одделенските испити во јуни и август. Тука родителите треба да докажат медицински причини или поради крајната сиромаштија што морале да заминат во странство и да им се помогне зашто во државата социјалната парична помош што ја добивале не била доволна за да ги покријат трошоците и да го прехранат семејството поради што не можеле да се снајдат во условите во кои живеат. Но пак за да не дојде до тоа да полагаат испити кога веќе мораат да заминат во странство, да гледаат да се вратат најдоцна до ноември (ако отсуствуваат од септември). Бидејќи според член 73 од Законот за основно образование ако третина од фондот на наставни часови не се посетат од страна на учениците може да останат неоценети. Значи да не отсуствуваат повеќе од два и пол месеца во текот на учебната година за да не останат неоценети. И ако останат надвор од земјата повеќе од три месеца (повторно од септември) и се вратат во текот на учебната година најдоцна март нека продолжат во одделението и нека побараат одделенски испити кои мораат да ги полагаат во јуни и август ако им се дозволи.
-Родителите треба да си ја зголемат својата одговорност за училишните обврски (посетување родителски средби, разговор со наставниците, одење на советувања итн.) кон училиштето што ги имаат како старатели на учениците и да си ја запазат должноста дека мора да ги исполнат обврските детето да оди на редовна настава. Ако не ги исполнува, паричната глоба е во износ 300-400 евра.

-Домашната култура е најважна. Тие треба да му даваат постојана поддршка и мотивација на детето со кои ќе ја зајакнат неговата личност и за тоа не се потребни пари. Треба да го туркаат и поддржуваат своето дете во извршување на училишните активности кои ќе резултираат со подобри постигнувања во училиште.

II Препораки за невладините организации, министерствата и училиштата:

-Невладините организации, училиштата и МОН да ги информираат родителите за постапките за нострификација и еквиваленција на сведителствата за да можат учениците да продолжат во одделението кое е соодветно на нивната возраст.

-Да се примени Програмата за туторство од страна на Министерството за образование. До сега не е забележано дека се применува туторската поддршка која ја креираше како програма Министерството за образование. На веб страната на Министерството може Роми студенти да аплицираат како тутори, а на интернет на е-дневник родителите на ромските ученици може да побараат тутор за предметите по кои имаат помала оценка од одличен (пет) по предметите. Студентите Роми може да аплицираат во септември на програмата, па потоа да бидат избрани од Комисија што е формирана за избор на туторите. Додека родителите во периодот 18-25 ноември имаат право да изберат тутор кој ќе им помага во домашни услови под нивен надзор.
-Да се примени и во основно образование туторството и менторирање кои се спроведуваат од страна на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците при МОН во средното образование за учениците Роми.

-Невладините организации да даваат поддршка и училиштата да одржуваат дополнителна настава на учениците како што налага и овозможува Законот за основно образование. А просветната инспекција да проверува дали има задолжително одржување на дополнителна настава на ромските ученици во основното образование заради совладување на наставниот материјал.

-Да се применува скратената наставна програма за Ромите повратници и учениците со поголема возраст од одделението во кое се наоѓаат. Наставата за учениците со поголема возраст да бидат со скратени програми која беше една од мерките за Ромите повратници за да можат побрзо да го завршат основното образование и да продолжат во средното образование редовно со не повеќе од 16 години.

-Да се користи и во основно образование паричен надоместок како што е во средното образование за мотивирање под услов ученикот да присуствува на најмалку 85% од училишните часови во тековното тримесечје и да се користат за ужинка, училишен прибор и облека; и стипендирање на Ромите ученици кои покажуваат повисок успех кои се неопходни за намалувањето на осипувањето на Ромите во образовнието.

-Да се информираат ромските семејства од страна на Центрите за социјална работа и невладините организации за условите за земање детски додаток зашто доста ромски семејства не зимаат детски додаток иако имаат право на тоа.

-Да се зголеми одговорноста на родителите преку информативни работилници за нивните обврски и казните да бидат соодветни, односно парични како што и се налага со законите, само овој пат да се применуваат. Посебно треба да се примени паричната глоба врз родителите кои ги го користат детскиот труд и не ги пуштаат во училиште поради тоа.

-Наставниците треба да имаат подобар пристап со учениците. Да ги прашуваат за нивните чувства, што се случува кога се надвор од училиштето и кога се дома за да дознаат со какви проблеми се соочува детето и да разгледа како може да му помогне. Клучот во помагање на ромските деца да одат напред во образованието е интересот на наставникот. Наставниците треба да ги водат учениците, да го извлечат максимумот кај нив. Решение би било да се лоцираат тие деца во класот и да работи секој ден со нив. Не мора да ги донесе до ниво на одличните ученици туку да ги донесе до доволно ниво за да има доволно знаење од материјалот што им се предава.

-Наставниците да се јавуваат или да праќаат смс пораки на родителите за сите обврски што родителите треба да ги извршат. А ако немаат контакт, да побараат од ученикот или да одат дома и да побараат контакт од нив и да ги известат за сѐ што е потребно.

-Да се направи таканаречен СОС образовен центар на локално ниво каде родителите ќе може да се пожалат кога на нивните деца ќе им се прекршат некои права во училиштата и да ги советуваат или место каде студентите ќе може да им помагаат на децата во училишните обврски што ги имаат бидејќи родителите не можат да им помогнат.

-На учениците им треба мотивација да одат во школо, посебно во Шутка. Мотивацијата би била позитивни примери и активности надвор од училиште. Треба да се промовираат Роми кои завршиле високо образование кај ромската заедница за учениците да имаат желба да успеваат повеќе. Додека надвор од училиштето немаат никакви активности, затоа како предлог може да се користи метод како форум театарот.

-Да се воведат програми за родителите од посиромашните семејства преку кое ќе се овозможи да има комуникација родител-дете.

-Училиштето треба да има поинтензивна соработка со центрите за социјална работа. Да не биде врз основа само на формалност, инцидентна и да се одвива преку телефон. Потребно е училиштето да ги информира Центрите и да побараат помош за семејствата кои се во ризик зашто може децата да не продолжат со училиште.

Ова е само почетокот на проектот. Следуваат уште 4 дебати со интересни теми и аргументи. Темата за втората дебата е веќе определена и таа е избрана од дебатерите и студентите која гласи „Развивањето на ромскиот јазик е главен детерминатор за развивањето на ромскиот идентитет“. Очекуваме уште возбудливи моменти каде студентите можат да си ги искажат мислењата и да понудат решенија. Патем можат студентите уште да се приклучуваат како дебатери затоа што ќе се формира Дебатен клуб во Ромаверзитас и тој ќе биде воден од самите студенти.

Затоа приклучи се и ти, биди дел од заедницата – дебатирај!

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

romaversitas macedonia

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ!

# ДЕБАТИРАЈ ЗА ЗАЕДНИЦАТА

НАЈДИ РЕШЕНИЈА КОИ МОЖЕ
ДА ѝ ПОМОГНАТ НА
ЗАЕДНИЦАТА

ПРИЈАВИ СЕ НА
FACEBOOK ГРУПАТА
НА РОМАВЕРЗИТАС